## Известување за концентрација со која Бореалис АГ од Австрија ќе стекне самостојна контрола над Риалти С.п.А од Италија

## (предмет бр. 08-108 од 2023 година)

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 18.07.2023 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Бореалис АГ со регистирано седиште на Трабенштрасе 6-8, 1020 Виена, Австрија над друштвото Риалти С.п.А со регистирирано седиште на Виа Варезе бр. 133 – 21020, Таино (ВА), Италија, по пат на купопродажба на удели.

**- Борелис АГ** е под контрола на ОМВ, кое директно и индиректно (преку неговите зависни друштва ОМВ Даунстрим ГМБХ и ОМВ Бореалис Холдинг ГмбХ) поседува 75% од акциите во Бореалис. Преостанатите 25% од акциите се во сопственост на Абу Даби Нешнл Оил Компани, акционерско друштво чии акции котираат на берза, основано во Обидинетите Арапски Емирати, а е малцински акционер без управувачка контрола. ОМВ Групацијата е меѓународно интегрирана групација активна на светско ниво во нафта, гас и хемикалии во следните три деловни сегменти:

-Енергетика – експлоатација, развој, производство и продажба на нафта и гас, вклучително и преку сопствена гасоводна мрежа и капацитети за складирање на гас во Австрија;

-Горива & суровини – рефинирани преку фабриките кои се наоѓаат во Австрија, Германија и Романија кои произведуваат и продаваат течен природен гас, керозин, нафта, гас, дизел, лесно нафтено гориво, сулфур и калциниран кокс.

-Хемикалии & материјали – во овој деловен сегмент, во рамките на ОМВ Групацијата, само Бореалис и неговите зависни друштва се активни.

ОМВ нема зависни друштва или подружници во Северна Македонија.

**-Риалти С.п.А-** акционерско друштво под конечна контрола на физичко лице, кое е специјализирано во производство на одржливи полипропилен соединенија (т.н. „ПП соединенија“) со фокус на механички рециклиран полипропиленски (ПП) суровини од индустриски и потрошувачки отпадоци. Со повеќе од триесет години искуство, Риалти го користи својот капацитет од 50.000 тони за произведување на ПП соединенија за инјективно вбризгување и екструзија со примена во различни индустрии, вклучувајќи ја автомобилската индустрија, мебел, куќни апарати, градежништво и козметика. Риалти не било активно во Северна Македонија во 2022 година.

Релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можело да се дефинира како ***пазар за ПП соединенија***.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

20.07.2023 година

Скопје